Извештај од

# СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ

јули - декември 2022 година



Проектот е финансиран од Европската Унија

Институт за човекови права

Наслов:
**ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ**
**За периодот јули - декември 2022 година**

Издавач:
**Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје**

**Скопје, декември 2022 година**

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија.
Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# ВОВЕД

јули - декември
2022 година

Институтот за човекови права, преку присуство на сите отворени седници, редовно ја следи работата на Судскиот совет. Цел на оваа активност е преку објективно следење на неговата работа Институтот за човекови права да ги забележи предизвиците и напредокот во неговото работење, како и да придонесе, со заклучоци и препораки базирани на докази, за подобрување на состојбата во судството.

Извештајов е поделен на три главни дела кои се однесуваат на **транспарентноста**, **ефективноста** и **ефикасноста** на Судскиот совет.



За потребите на извештајов беа користени следниве извори на информации: присуство на сите отворени седници на Судскиот совет, записници и извештаи од Судскиот совет, објави и документи објавени на веб-страницата на Судскиот совет на РСМ, објави во медиумите, итн.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

одржани
19 седници

Продолжи трендот на континуирано и навремено објавувањето **соопштенија за одржувањето на седниците и веднаш по завршувањето на секоја седница се објавуваше и соопштение за донесените одлуки и заклучоци.**

Законската обврска за објавување на записниците од седниците на ССРСМ се почитува и записниците, кои се детални, се објавуваат по нивното усвојување. За разлика од претходниот период, **динамиката на усвојување и објавување на записниците е подобрена** и истите, без поголеми забелешки, последователно се усвојуваат на седниците.

**Во меѓувреме, електронскиот систем за тонско снимање и гласање повторно е во функција, односно работи**, така што членовите гласаат преку системот за гласање. Согласно со деловникот за работа на ССРСМ, ова е редовниот начин на гласање, а доколку некој од членовите се посомнева во резултатот, може да побара да се гласа со кревање рака, што, како можност, беше искористено при гласањето за избор на новата претседателка на ССРСМ по барање на еден член, иако од другите членови немаше забелешки, односно немаше сомневање за исправноста на гласањето.

И покрај тоа што **Годишниот извештај за работа на ССРСМ, за 2021 година, веднаш по неговото усвојување беше доставен до Собранието**, истиот сè уште не е разгледан од Собранието на РСМ.

Останува забелешката во иднина Годишниот извештај, освен детали и податоци за избрани и разрешени судии, за ажурноста на судовите и слично, да содржи и подетални **податоци за исполнетоста на Годишната програма за работа, како и за останатите активности на членовите на Судскиот совет кои се спроведени, а не се дел од програмата,** сè со цел да се даде целосна рефлексија за **исполнетоста на Годишната програма,** со детални активности за секоја цел.

И во овој временски период може да се забележи слична динамика на одржување на седниците, на месечно ниво, со тоа што, по изборот на новата претседателка, во декември, се зголеми бројот на одржани седници на кои имаше и повеќе точки за разгледување и одлучување. Една од седниците беше секогаш резервирана за одлучување по претставки на граѓаните и правните лица, што е и законска обврска.

Вообичаено за начинот на работа на членовите на Советот е одржувањето колегиуми, особено пред одржување јавна седница, а во насока на поголема ефикасност одржуваат и работни состаноци со комисиите еднаш неделно, со цел разгледување прашања кои се од важност за секојдневната работа на Судскиот совет.

И понатаму се забележува ангажираност на членовите на Судскиот совет и нивна континуирана **активност во работата на Советот преку давање мислења, забелешки и предлози**. Расправата по точките од дневниот ред се одвиваше со учество речиси на секој член од Советот, со давања свое мислење по одредена точка, со користење на правото на реплика и аргументации, како и со образложување на кажаното. Различните ставови и толкувања упатуваат на конструктивност и континуирана ангажираност на членовите, кои се битни за развивањето дебата и за донесувањето издржани одлуки.

**Може да се забележи позитивен тренд во начинот на водење на седниците, за разлика од претходно.**

**Министерот за правда и претседателот на Врховниот суд на РСМ** (ВСРСМ) **во Советот се членови по функција, но и понатаму многу ретко, или воопшто не присуствуваат на седниците**. И во овој извештај нотираме дека присуството на министерот за правда и на претседателот на ВСРСМ би било значајно, дотолку повеќе што во тек е подготовка на Стратегија за реформа на правосудството, за 2023-2027 година, па од таа причина нивната соработка со Судскиот совет е неопходна за непречено спроведување на судските реформи. **Во извештајниов период може да се забележи прилично зголемена активност на членовите на ССРСМ** преку членување во повеќе работни групи кои се однесуваат на подготовка на новата стратегија, како и во работната група која учествуваше на билатералниот скрининг кој се одржа на 1 и 2 декември, 2022 година, а на кој се презентираа досегашните реализирани активности што беа предвидени со новиот закон за Судскиот совет. Исто така, се забележуваат и активности на членовите при подготовката на Акцискиот план за спречување на корупцијата, како и присуство на настани кои се однесуваа на Судскиот совет и судството воопшто.

# АНАЛИЗА НА СОДРЖИНАТА НА ОБЈАВИТЕ НА СУДСКИОТ СОВЕТ И НА ИЗЈАВИТЕ ЗА МЕДИУМИ

Преку следење на веб страницата на Судскиот совет може да се констатира дека и во овој период се забележува **подетален опис на точките од дневниот ред** кои и претходно биле разгледувани на седниците, како и **подетални известувања за средбите и настаните на кои присуствувале претседателот или членовите на Судскиот совет.**

# ОТВОРЕНОСТ КОН ЈАВНОСТА И МЕДИУМИТЕ

Во периодот во кој е мониторирана работата на ССРСМ се забележуваат повеќе значајни случувања, па оттаму и присуството на јавноста во овој период е поголема. Имено, од почетокот на септември имаше многубројни интересни точки за кои расправаше Судскиот совет, а за кои беа заинтересирани новинарите, па така, освен постојаното присуство на претставници од граѓанскиот сектор, на седниците имаше почесто присуство на новинари кои ја следеа и известуваа за работата на ССРСМ. Во последниот период информации за работата на ССРСМ, а кои се од голем интерес за јавноста, беа проследувани во повеќе медиуми. Посебен интерес се појави кога започна изборот на членови на Судскиот совет во органите на Академијата за судии и јавни обвинители, потоа со поднесувањето на оставката на бившата претседателка, кога започна изборот на новата претседателка, итн. **Со изборот на новата претседателка се зголеми и нејзиното, како и присуството на другите членови на конференциите**, па оттука можат да се забележат и **повеќе изјави или интервјуа на новата претседателка** за поединечни актуелни настани поврзани со судството. Посебно би ги истакнале присуството на завршната конференција „Стратегијата за реформа во правосудниот сектор (2017 - 2022)" која е дел од проектот „За правда- граѓански придонес за унапредување на судството" спроведен од Блупринт групата за реформи во правосудството, како и на Конференција на судските совети од регионот.

# ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ

## ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СУДСКИОТ СОВЕТ ОД РЕДОТ НА СУДИИТЕ

По пензионирањето на членовите на Судскиот совет, на 1 јули 2022 година, заради стапување во сила на измените и дополнувањата на Законот за работни односи, беше спроведена постапка за **избор на нови членови на Судскиот совет од редот на судиите и тоа од Врховниот суд на РСМ, Апелациското подрачје Скопје со управните судови и Апелациското подрачје Гостивар**. Во однос на кандидатурите, може да се констатира дека од изборното подрачје Врховен суд беше пријавен само еден кандидат - судијката Мирјана Радевска Стефкова, од изборното Апелациско подрачје Скопје со управните судови повторно беше пријавен само еден кандидат - судијата на Апелацискиот суд Скопје Зоран Герасимовски, додека од изборното подрачје Гостивар имаше пријавено двајца кандидати – судиите на Основен суд Тетово, Љупчо Спироски и Ивица Николовски.

При утврдувањето на кандидатурите на пријавените судии-кандидати, Судскиот совет расправаше за недореченостите во Законот за Судскиот совет кои се однесуваат на документите што треба да ги достави секој кандидат кој конкурира по објавен оглас за избор на член на Судски совет. Имено, дел од членовите беа со становиште дека и покрај тоа што во законот е наведено кои документи треба да ги достави кандидатот, сепак тоа не е неопходно, бидејќи Судскиот совет има податоци за секој судија, дека податоците им се познати, дека тие се составен дел од досиејата на секој судија и затоа и не треба да се бара да бидат доставени. Од друга страна, дел од членовите сметаат дека и покрај тоа што Судскиот совет е запознаен со податоците кои се бараат да бидат доставени при аплицирање на конкретен оглас, сепак секој кандидат е должен тоа да го стори, бидејќи се работи за законска обврска.

Ваков неконзистентен пристап по однос на потребните документи имаа и членовите на Судскиот совет и кога требаше да се избере претседател на Апелацискиот суд Скопје, и поради тоа овој оглас беше повторен, бидејќи единствениот кандидат не ги имаше доставено сите документи набројани според законот, а истовремено можат да се сметаат за познати за членовите на Советот. Ова дотолку повеќе што и во огласите за избор на претседатели на судовите не биле специфицирани документите што треба да ги поднесат кандидатите.

**По одржаните избори, на 15 септември 2022 година, беа избрани тројца нови членови на Судскиот совет од редовите на судиите.** Како нови членови на Судскиот совет беа изгласани: **Мирјана Радевска Стефкова, судија од изборното подрачје Врховен суд на РС Македонија; Зоран Герасимовски, судија од Апелациското подрачје Скопје со управните судови и Ивица Николовски, судија од Апелациското подрачје Гостивар.** Постапката за избор беше спроведена согласно со законските одредби, вклучително почитувајќи ја и одредбата за јавно објавување на резултатите од изборот, што беше сторено со прикачување видео снимка од броењето на гласовите за избор на членовите на Судскиот совет.

# ИЗБОР НА НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ССРСМ

**На 29 ноември 2022 година, во текот на редовна седница на Советот, претседателката Павлина Црвенковска поднесе неотповиклива оставка од функцијата претседател на Судскиот совет**, а, како што самата изнесе, причина за тоа е што нејзиниот избор за претседател “не и' одговарал на група од судската – бизнис елита и дека од нивна страна против неа е започната медиумска хајка“, се' со цел да се повлече од функцијата. **И покрај тоа што членовите на Судскиот совет бараа од претседателката во оставка да даде појаснување за обвинувањата кои ги искажа во својата писмена оставка пред јавноста, сепак таа се оглуши на овие барања и пред колегите не даде објаснувања кои се тие судско-бизнис елити кои и вршеле влијание врз нејзината работа.** Ова е прв случај од постоењето на Судскиот совет претседателот самоиницијативно да поднесе оставка. Може да се каже дека вакво искуство немало ни меѓу членовите на Советот, освен за еден член кој беше избран од Собранието на РСМ и кој поднесе оставка во мај 2020 година, по изборот на Павлина Црвенковска за претседателка на ССРСМ.

**На 5 декември 2022 година се изврши избор за претседател на Судскиот совет. По предлог од член на Судскиот совет беше избрана Весна Дамева,** член на Судскиот совет на РС Македонија, со 11 гласа 'за' и еден 'против'. Весна Дамева, како новоизбрана претседателка на Судскиот совет, **во своето обраќање до јавноста истакна дека ќе се бори, пред се', против корупцијата во судството**, дека: „за секој судија за кој со докази и факти ќе биде утврдена негова корумпираност нема да има простор за втора шанса и дека едноставно ќе му се посочи дека такви личности не заслужуваат да ја извршуваат функцијата судија“.

Големо незадоволство од членовите на Судскиот совет можеше да се забележи при редовната седница одржана на 24 ноември 2022 година. **Тоа незадоволство беше насочено кон начинот на кој беа предложени кандидатите за членови на органите на Академијата за судии и јавни обвинители од страна на претседателката Црвенковска**, како и за кандидатите за членови, затоа што голем дел од предложените кандидати сè уште се ментори во Академијата за судии и јавни обвинители, а тоа претставува законска пречка тие да бидат избрани за членови на органите на Академијата. По спроведеното гласање, на коешто сите предложени кандидати од претседателката Црвенковска не го добија потребното мнозинство, членовите на Судскиот совет предлагаа кандидати за членови на органите на Академијата. Сите предложени кандидати од членовите на Судскиот совет беа изгласани за членови на органите на Академијата. Меѓу избраните членови е избран и член на Судскиот совет, што предизвика бурни реакции во јавноста заради концентрацијата на функции во една личност. Законска пречка за вакво постапување нема, но сепак, заради судир на интересите не е препорачливо член на Судскиот совет да биде и член на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Ова особено затоа што истиот член беше предложен и едногласно избран за ВД директор на Академијата, па по укажување од Државната комисија за спречување на корупција и поради лични причини истиот поднесе оставка од таа функција само по еден ден од изборот.

# ИЗБОР НА СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ, КАКО И ОЦЕНУВАЊЕ СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во текот на овој извештаен период (јули-декември 2022 година) Судскиот совет на РСМ, после подолг временски период, изврши избор на судии и претседатели на судови, а една од причините за задоцнетото избирање беше траењето на постапката за **оценување на судиите и претседателите на судови, што е во директна врска со изборот, односно со унапредувањето на истите**.

Имено, во текот на септември започна оценувањето на судиите, а тој процес е прилично комплициран и повеќефазен. Покрај оценувањето на судиите и на претседателите на судовите од комисиите составени од судии, завршната фаза од оценувањето ја изврши и комисијата составена од членови на Судскиот совет. Откако Судскиот совет го формализираше овој процес со донесување на сите подзаконски акти и со формирање комисии, следеше процес на надградба на АКМИСОТ, за да може, по случаен избор, да се определуваат предмети кои ќе ги оценуваат комисите. По завршувањето на оценувањето, следеше период на решавање на приговорите поднесени од незадоволните судии и повторување на постапката за тие на кои им беа прифатени приговорите, за целиот процес да заврши во текот на декември, со што се исполнија условите за избор на судии/претседатели на судови.

Во наведениот период беа избрани ВД претседатели на Апелацискиот суд Скопје, Апелацискиот суд Штип, Основниот суд Битола и Основниот суд Крушево, поради тоа што не беа создадени услови да се изврши редовен избор на претседатели по објавените огласи.

Сепак, на крајот на декември, по спроведениот процес за оценување на кандидатите за претседатели на судовите, се изврши избор за претседатели на судовите: Основен кривичен суд Скопје, Основен суд Ресен и Основен суд Виница, и тоа:

- За претседател на Основен кривичен суд Скопје е избран Иван Џолев-судија на Основен кривичен суд Скопје;
- За претседател на  Основен суд Ресен е избрана Емељ Кранли Али-судија на Основен суд Ресен;
- За претседател на  Основен суд Виница е избрана Сузана Спасова-судија на Основен суд Кочани.

Исто така, извршен е избор и на судии во Основен кривичен суд Скопје и Основен суд Штип и тоа: за судија на Основен кривичен суд Скопје е избрана Бранка Наумоска-судија на Основен суд  Куманово, а за судија на Основен суд Штип е избран Тодор Поп Панев-судија на Основен суд Свети Николе. Оваа можност е предвидена во Законот за Судски совет[?], каде стои дека **Советот може да избере судија од кој било основен суд кој се пријавил на огласот за судија во друг основен суд, доколку на огласот не се јавил кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители.** Бидејќи во моментот на објавувањето на огласите за овие судиски места во основните судови нема завршени кандидати од 7 генерација, од тие причини Судскиот совет избра активни судии од другите основни судови и така, на некој начин се направи трансфер на судии од еден во друг основен суд.

Со оглед дека ова беше прв избор на судии и претседатели на судови според новата Методологија за оценување, претседателката на Судскиот совет, како и

членовите на Комисијата која го изврши финалното оценување, на седницата на која имаше голем број претставници на медиумите, подробно го појаснија процесот на оценување, посочувајќи ги сите фази низ кои се поминува за да се добие финалната оценка. Посебно го истакнаа објективниот елемент на овој начин на оценување, со оглед дека се вклучени и судии и членови на Судски совет кои преку оценувањето на квалитативните и квантитативните критериуми, во различни фази, вршат оценување и на тој начин се избегнува субјективниот елемент при оценувањето. Но, и покрај големите очекувања од јавноста, сепак изостана подеталното образложувања на поединечните оценки, согласно со квалитативните и квантитативните критериуми кои се наведени во законот и во многуте подзаконски акти кои беа подолго време изработувани. **И покрај тоа што оценувањето е процес кој не е достапен за јавноста, во насока на задоволување на очекуваното, Судскиот совет требаше подетално да ги соопштува оценките за секој кандидат поединечно, за да се запази „мерит системот“** кој треба да обезбеди непристрасно и фер оценување и понатамошен професионален развој на судиите врз основа на личните и професионалните способности, без какво било влијание, како и зајакнување на независноста и непристрасноста на судиите при вршењето на судиската функција.

## РАЗРЕШУВАЊЕ СУДИИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ

Во периодот до декември 2022 година Судскиот совет правосилно **разрешил** двајца судии од основен суд Тетово и основен суд Штип.

Судскиот совет констатирал и престанок на судиската функција поради старосна пензија на 14 судии, со што се зголеми недостатокот на судии во основните и во апелациските судови.

## СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ

Следењето на работата на судовите ССРСМ го остварува преку разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите, но и преку посети на судовите од комисии составени од членови на Судскиот совет, што е предвидено во Интерниот план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите за 2022 година.

Од **кварталните извештаи за работата на судовите може да се констатира дека продолжува трендот на неажурни судови**, а како причина за таа состојба се наведува намалениот број судии, недоволниот број судска администрација, зголемениот број предмети, но и судското ферие.

Вообичаена практика е по извршените посети на судовите членовите на комисијата што ја извршила посетата, на седница да го презентираат извештајот од посетата, со истакнување на позначајните наоди до кои дошле и со предлагање заклучоци за понатамошно постапување, доколку се утврдени недостатоци во работењето на судовите, на некои судии или на претседателите на судовите.

Новата претседателка, на една од седниците, предложи и **се донесе заклучок во кварталните извештаи кои судовите ги доставуваат до ССРСМ да бидат содржани повеќе информации кои се однесуваат на работата на судовите, како и за предизвиците со кои се соочуваат, како што се причините за застарување на предметите**

**со приложување Акциски план за нивно решавање и други информации.** Во оваа насока ССРСМ усвои и **Интерен план за следење на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите**, кој предвидува почести посети на судовите од членовите на ССРСМ, со цел превенирање одредени состојби кои се од интерес за јавноста и граѓаните на РСМ. Воедно се донесе и **Распоред за работа на Судскиот совет на РСМ, за 2023 година.** Заради поефикасно спроведување на овие акти, Судскиот совет донесе заклучок со кој се задолжија сите координатори на судови задолжително да спроведат работни посети во судовите ставајќи посебен акцент на старите предмети.

Судскиот совет на РСМ, во насока на својата заложба за борба против корупцијата, како и заради исполнување на обврската од Националната стратегија за спречување и борба против корупција, **донесе Програма и Акциски план за превенција и следење на корупцијата во судството**, кој беше јавно презентиран. Исто така беше донесен и **Етички кодекс за членовите на Судскиот совет на РСМ.**

**Програмата за работа на Судскиот совет на РСМ, за 2023 година**, беше донесена во предвидениот законски рок, а се усвоија и **Измени и дополнувања на Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ** со кој се прецизираат законските одредби кои се однесуваат на постапката за утврдување одговорност на судија или на претседател на суд.

## ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ ОД ГРАЃАНИ И ОД ПРАВНИ ЛИЦА

Претставките од граѓани и од правни лица кои се поднесуваат до ССРСМ, а кои се однесуваат на работата на судиите и на претседателите на судовите редовно се разгледуваат и се решаваат со почитување на законските рокови.

Во втората половина на 2022 година беа разгледани околу 195 претставки поднесени од граѓани и од правни лица.

**Најголемиот број претставки Судскиот совет ги одбива како неосновани, имајќи предвид дека со претставките граѓаните, односно правните лица бараат преиначување на судска одлука, бидејќи не се задоволни од истата**. Во најголем број случаи Судскиот совет наоѓа дека постапката по предметот е по жалба пред второстепен суд, па наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето и затоа **нема ингеренции да интервенира во судските одлуки, ниту пак да ги менува истите, при што не наоѓа основи за постапување**".

Исто така, може да се забележи и отфрлање на претставките, а како основни причини за отфрлањето се наведуваат: немањето нови факти во однос на поднесената претставка, претставката е веќе разгледана на некоја од претходните седници или пак поради тоа што претставката не ги содржи сите податоци кои се неопходни за да биде разгледана.

Судскиот совет само мал број од претставките наоѓа дека се основани и во овој случај наодите ќе бидат дел од оценката за судијата против кого е поднесена претставката, а основите кои се презентирани во претставките не се доволни за да се покрене постапка за одговорност на предметниот судија.

# ПРЕПОРАКИ

Врз основа на следењето на отворените седници на Судскиот совет, извештаите за Судскиот совет, објавите и документите објавени на веб-страницата на Судскиот совет на РСМ, како и од објавите во медиумите, може да се препорача следново:



Судскиот совет во наредниот период да ги насочи своите капацитети кон зголемување на довербата на граѓаните во судството, преку проактивна улога и преземање мерки за намалување на перцепцијата за постоење корупција во судството, со зголемена соработка со сите институции кои работат на ова поле и со почесто обраќање кон општата јавност.



И покрај тоа што во Програмата и во Акцискиот план за превенција и следење на корупцијата во судството нема поконкретна временска рамка, потребно е Судскиот совет почесто да ја информира јавноста за спроведувањето на овие активности и за мерките во насока на зголемување на довербата кон судството и кон самиот Судски совет - како орган кој е надлежен да се грижи за угледот на судиите и за довербата на граѓаните кон судството.



Довербата во Судскиот совет треба да се зголеми и помеѓу самите судии, бидејќи очигледно е на прониско ниво, за што показател е малата заинтересираност судиите да се кандидираат за членови на Судскиот совет, со оглед дека за секое слободно место за член на Судскиот совет имаше само по еден заинтересиран судија-кандидат, со што не се овозможува конкурентност помеѓу судиите и можност да избираат помеѓу повеќе кандидати.



Во насока на обезбедување поголема транспарентност и на зголемување на довербата на граѓаните во објективноста на изборот на судии и претседатели на судови, неопходно е одлуките за избор да содржат подетални информации кои ќе ја рефлектираат новата методологија и соодветно ќе прикажат зошто одреден кандидат е избран, наспроти друг.

ihr.org.mk